**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________2024 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К

**од 475-та седница на Судскиот совет на**

**Република Северна Македонија**

**Скопје,јануари, 2024 година**

Седницата се одржа на ден 26.1.2024 година – четврток во салата за седници со почеток од 12,30 часот.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател Член на Советот
- **Сашко Георгиев**, Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Антоанета Димовска,** Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, и Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд

Отсутни членови:

- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генераленсекратар
- **М-р Сања Спиридонова**, Помлад соработник
- **Ален Раденковиќ,** Помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник **од Институт за човекови права**
- Поширока јавност- медиуми

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 475-та седница:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на одлука за времено упатување на судија од Апелационен суд Скопје во Основен кривичен суд Скопје и
2. Разно.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека пред усвојување на дневниот ред сака да наведе кои се причините поради кои е свикана оваа итна седница, а тоа е поради тоа што дел од предметите по кои постапува судијата Осман Шабани и Александра Ристевска кои дале свечени изјави по повод нивниот избор во Апелационен суд Скопје на 18.1.2024 година од страна на координаторот била известена дека има предмети кои се сензитивни и од значаен интерес за јавноста, траат долг период, па имајќи го предвид горенаведеното и периодот на застареност истата била свикана.

Претседателот на Советот откако констатира дека никој присутните членови не се јави по отворена дискуси по однос на предложениот Дневен ред, претседателот го стави на гласање. Се констатира дека со 12 гласа ,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ дневниот ред е едногласно усвоен и се премина кон разгледување на 1-вата точка од Дневниот ред.

**Точка 1**

**Донесување на одлука за времено упатување на судија од Апелационен суд Скопје во Основен кривичен суд Скопје**

Претседателот на Советот Весна Дамева даде збор на координаторот надлежен за следење на работата на овој суд, членот на Советот Мери Радевска.

**Членот на Советот Мери Радевска** појасни дека на 18.1.2024 година судиите Осман Шабани, Александра Ристеска и Весна Димишкова дале заклетва како избрани судии за Апелационен суд Скопје. Во врска со истото претседателот на Основниот кривичен суд доставил барање со кое известил дека за судијата Александра Ристеска постапката во врска со предметот во јавноста познат како ,,Ласкарци“ К.бр.1407/19, како член на Советот е пред објавување на пресуда, па поради истото побарал да биде делегирана, а со цел целисходност и економичност на постапката. Советот истиот ден закажал итна седница и истата била делегирана. Во продолжение додаде дека добила информации

дека по однос на судијата Осман Шабани кој пред да биде избран во Апелационен суд Скопје, во Основниот кривичен суд Скопје постапувал по предмети кои се во поодмината фаза, одржани голем број на разправи, изведени докази. На 20.1.2024 година наведе дека стапила во контакт со претседателот на судот и било разговарано наредниот прв работен ден да се достават податоци за сите предмети и во која фаза се наоѓаат и кога застаруваат, а по иститие постапувал конкрениот судија, со цел да не дојде до тоа да истите бидат распределени и по нив да постапува друг судија. Во понеделникот наведе дека испратено е писмено барање од Советот со барање податоци за двајцата судии. Претседателот на судот на 23.1.2024 година доставил известување, каде е наведено дека за судијата А.Ристеска актуелен е предметот ,,Ласкарци“ чија пресуда ќе биде објавена денес, додека по однос за судијата О.Шабани дадени се податоци за 20 предмети, од кои едниот застарува во јануари 2025 година, другиот во декември 2025 година. Актуелни за јавноста се предметите ТАЛИР 1, ТИТАНИК 1, Кок -157/21, КОК-59/22, КОК-3/19, КОК-130/23, КОК- 146/19, КОК- 97/22, КОК- 49/23, КОК- 136/22. Во дополнителна координација доставено е дополнување на одговорот и е објаснето во која фаза се наоѓаат предметите од што произлегува дека се во доказна постапка. Направена е проверка каде се водат предметите во моментов и констатирано е дека рачно се префрлени на 22.1.2024 година кај судијата Даниела Димовска. Дополни дека од останатите проверки произлегува дека конкретно ТИТАНИК 1 е за 14 обвинети и последователно е суден, немало прекин и последно е насрочен на 11.01.2024 година, пред да биде заклетвата, а потоа е презакажан за 29.1.2024 година, додека за ТАЛИР 1 предметот се 7 обвинети насрочен бил за 15.12.2024 година, пред заклетвата, а 26.1.2024 година е последно насрочен видно од дополнувањето од претседателот . Кај за еден од обвинетите по однос на ТАЛИР 1 настапува застареност на 11.1.2025 година. Понатаму додаде дека предметот кој застарува 2025 година – КОК 146/19 се однесува за 16 обвинети и кривично дело со мигранти, останатите предмети застаруваат понатаму. Смета дека мора да се води сметка за економичност, целисходност, да се води сметка за начелото за судење во разумен рок, па истакна дека се работи за предмети со огромен број докази, па изведувањето пред изменет состав, а истото би повлекло одново да започне постапката, одново изведување на докази и слично значително ќе се одрази врз траењето на постапката. Предложи судијата Осман Шабани да биде делегиран определено време во Основниот кривичен суд Скопје. Се повика за одредбите чл 39 ст.9 од Законот за судовите каде е предвидено дека по исклучок, судија на апелационен суд и на основен суд може да биде времено упатен, но најдолго за време од една година да суди во друг суд од ист степен или во понизок суд или од еден во друг специјализиран оддел, кога поради спреченост и изземање на судија или поради значително зголемен обем на работа, намалена ажурност или поради сложеност на предметите е доведено во прашање тековното работење на судот. Во продолжение појасни дека се работи за исклучително сложени

предмети па би било доведено до прашање тековното работење на судот. Сите предмети се рачно распределени кај друг судија во меѓувреме додека Советот не донесе одлука за времено делегирање, па со цел да не се дозволи да се одолговлекува постапката по предметот истата го даде горенаведениот предлог. Во ств.10 од истиот член стои дека временото упатување на судија од ставот (9) на овој член го врши Судскиот совет на Република Македонија и за тоа веднаш го известува претседателот на судот од кој се упатува и претседателот на судот во кој времено се упатува судијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение отвори расправа во предлогот на координаторот на Основниот кривичен суд Скопје.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека нема дилема дека судијата Осман Шабани треба да биде времено упатен, со оглед дека се работи за предмети во поодмината фаза, со голем број на докази. По однос на прашањето за рачната распределба на предметот, фактички значи дека тој судија ,,БИ" постапувал по предметот доколку Советот не донесе одлука, станува збор за техничка работа и истиот не е внесен во АКМИС системот.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** станува збор за обемни и сложени предмети, во повеќето има по повеќе обвинети, од податоците кои се добиени од претседателот на Основниот кривичен суд, сите предмети се во фаза на доказна постапка. Наведе дека за неа е клучно за да оцени дали со одлука на Советот за времено упратување на судијата Осман Шабани би се решила ваквата состојба, а таков податок не е побаран, како што наведе е колку време овие предмети се во фаза на доказна постапка и во која фаза е самата доказна постапка. Дополни дека во предметот ТАЛИР 1, каде има 5 обвинети. За овој предмет има застареност за едно дело 11.1.2024 г, а за останатите за година дена ќе застари овој предмет. Останува да се прават калкулации дали е при крај доказната постапка или е на почеток. Најважно ако имало одлагање на рочишта од кои причини истите биле одлагани, за да може да формира мислење. При ваква состојба не би гласала за негово времено упатување, бидејќи нема елементарни податоци, за да би се направила проекција дали и доколку судијата времено се упати би се решиле предметите, особено ТАЛИР 1 кој застарува наредна година. Сепак додаде дека и останатите предмети кои во моментот не се критични од аспект на застареност можат да бидат доколку доказната постапка траела со години. Со добра логистика и организација на работата, со нов состав да се осмисли, да се заврши многу брзо и доказната постапка и се, а доколку се точни информациите кои се шират во јавноста.

**Со реплика се јави членот на Советот Мери Радевска** која одговори дека најважно е да се види што е рациопнално и правилно да се постапи, едниот од предметите е за утре, а другиот за 29 –ти. Доколку настапи друг судија,

проблем е да продолжи судијата кој постапувал. Судијата кој досега постапувал си го знае преметот, имало кажувања дека судијата не постапувал редовно, но видно од контролникот не може да се каже истото. Во однос на фазата на доказната постапка побарала податоци но не ги добила истите. Итноста на постапувањето и носење на одлука за делегирање, ја спречило да изврши увид детален во сите предмети. Како и да постапува новиот судија што ќе биде избран и назначен за овие предмети смета дека нема да може да ги реши побрзо од судијата кој досега постапувал. Бидејќи станува збор за огромен предмет, со одново изведување на докази.

**Со реплика се јави членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** појасни дека кога зборувала за причините за одлагање, нема информации за однесувањето и постапувањето на судијата во тој дел во смисла дека не е негова вина, туку има информации дека причините се други,

За збор се јави **членот на Советот Мирсад Суроји** по однос на наведеното од страна на колешката Антоанета истакна дека предметот КОК 3/19 е прераспределен во АКМИС системот на 22.1.2024 година, СУ бр.233/23 е прераспределен.

**Со реплика се јави членот на Советот Мери Радевска** појасни дека е рачно прераспределен, не по автоматкса распределба.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** потенцира дека со одлука на претседател, па потоа е внесен во АКМИС системот. Сите предмети се дадени на еден судија.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** потенцира во своето излагање дека треба да има цел како овие предмети побрзо да се решат  и да не дојде до застарување на истите. Појасни дека е потребно да не се прејудицира, зошто зборовите тежат многу, да не дојде до обвинувања дека некој одолговлекувал предмет, за да не се остави печат на постапувањето на некој судија со зборови кои не се докажани или можат да се толкуваат во друга насока, а потоа тешко е да се повлечат. По однос на судијата истакна дека пред 4 години или помалку кога имало оглас повторно за Апелационен суд Скопје, иако бил еден од најдобро рангираните, не бил избран бидејќи морало и тогаш да завршат комплицираните предмети. Смета дека застарувањето на предметите од информациите со кои располага е поротата. Прашањето на колешката Чачарова Илиевска во која фаза е доказната постапка, одговори дека е во фаза на воведни зборови од причини што поротата била повлечена. Потенцира дека не треба да се прави компарација на овие предмети на судијата Осман Шабани со оној на А.Ристеска ,,Ласкарци" бидејќи станувало збор за објавување на одлука. Привиот предмет кој застарува е на 11.1.2025 година, дали се сигурни дека овој предмет ќе се заврши за 6 месеци смета дека не се, предложи да се најде начин да се укаже, а претседателот ја

организира работата на судот и да преземе мерки истите да се заштитат. Смета дека поцелисходно е да има нов состав, да се следат како што треба предметите и да има доволно поротници.  Предметите се евидентирани во акмис системот и се доделени кај друг судија, па сега истите да се земат и повторно да се доделат кај судијата кој досега постапувал по истите, ќе се стави во сомневање работата на судијата и би се направил прекршок и се кажува директно кој судија да го суди предметот. Советот би придонел дека се доделува со намера да застари и се става сомнеж. Нов Совет би можело и за 6 месеци да го заврши предметот .

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** истака дека предметот ТАЛИР 1 е во фаза на доказна постапка, истиот допис е потпишан од претседателот на судот.. Со тоа што судијата би се делегирал не се прави “упад“ во тоа кој да суди по предметот. Праша зошто овој судија не бил изземен ако имало сомневање во неговото постапување. Се работи за ефикасност, економичност со цел да се спречи да настапи застарување. Доказната постапка е почната на 02.3.2020 година за конкретниот предмет.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** појасни дека воведни зборови се едно, а отварање доказна постапка е друго. Ако постапката почне одново ќе се почне од воведни зборови, а тоа би траело можеби 4 рочишта. Не се знае дали судијата Осман Шабани со сигурност ќе го заврши предметот. Но поголема е веројатноста дека тој ќе го заврши, за разлика доколку по истиот почне да постапува нов судија и има нов состав. Во предметот ТИТАНИК сослушани се 200 сведока, кога тој нов совет би сослушал 200 сведоци. Судијата Осман Шабани во целост го знае предметот.  АКМИСОТ е алатка, а судиите се тие кои раководат со истата

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** во своето излагање наведе дека при разгледување на материјалите за денешната итна седница без дилема го формирала своето мислење, но наведе дека пред да пристапи кон излагање на истото укажа дека при излагањето на координаторот на Основниот кривичен суд, направена е техничка грешка во делот кај  предметот ТАЛИР каде било изложено дека  на 11.1.2024 година застарил предметот за еден обвинет, па потенцира дека не се работи за еден обвинет туку за едно кривично дело и појасни дека не се работи за лице туку за едно од делата за кои е поведена оваа постапка. Во продолжение го изрази својот личен став по однос на точката од дневниот ред. Имено смета дека излагањето на координаторот е излагање на оправдување, во делот на тоа каде и зошто затаил Судскиот совет. Имено на 18.1.2024 година избраните судии на Апелациониот суд Скопје дале заклетва, а експресно во тек на викенд и други ангажмани на Советот, на најразлични комуникации, по е маил, писмен пат пат има  барања до претседателот и одговори. Повторно истакна дека Советот при вршењето на контролите затаил да му помогне на Основниот кривичен суд и лично и како на судија, па во тој контекст не наоѓа пропуст на адреса на

судијата, ниту на претседателот на судот. Дополни дека од страна на претседателот во повеќе наврати се барало помош за проблемот со судиите-поротници, а за одредени предмети за истото била запознаена и јавноста. Имале дебати и седници и пред четири години, односно наведе дека истите проблеми се долгогодишни. Потенцира дека оддамна е исклучена од учество во работните групи, иако има заклучок за Основниот кривичен суд, а ексклузивитет на контрола има сега претседателот Дамева како претходен координатор и сегашниот координатор Мери Радевска.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** и укажа да при изнесување на нејзини претпоставки да ги има предвид фактите.

Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева** го постави прашањето на кој начин Советот, за вакви актуелни предмети со посебен акцент на јавноста, досега помогнал на судот и дал придонес да овие предмети добијат побрза завршница, односно каде е улогата на Советот во тој дел. Дополни дека всушност тука го гледа решението и да се даде како поттик на претседателот. Појасни дека решавањето на проблемот не го гледа со делегирање на судијата и понатаму да продолжи да работи по конкретните предмети, бидејќи за еден од предметите имале известување или меѓу нив се зборувало дека почнал од почеток, непосредно - за кратко време од сега токму поради промена на поротникот. Решението го гледа во делот дека предметите кои се распределени рачно, координаторот требало да ја прибави СУ одлуката од претседателот на судот, со цел да има сознание дали сите предмети се дадени кај еден судија да постапува по нив, дали истата одлука е заведена и процесуирана во АКМИС системот. Во таа смисла, не гледа мислење од претседателот на судот на кој начин предметите побрзо би се решиле, дали со конкретниот предлог на координаторот повторно да се врати колегата во основниот суд, или пак со формирање нов состав, да се почне од почеток со предметите, со евентуално укажување и допусти од претседателот да овој судија на кој ќе му бидат доделени предметите во работа да му се остави простор не добива други предмети во работа. Наведе дека таа пракса не е непозната, судијата акцентот да го стави исклучиво на тие предмети, со цел да може да се даде приоритет во решавањето. Воедно, предложи освен резервен еден-двајца судии, да се стават и повеќе резервни поротници, бидејќи сите се запознати дека во Основен кривичен суд најголем број од предметите каде има проблем е поради калкулацијата во делот на промената на поротниците. Во другиот дел се согласува со дискусијата на колегата м-р Селим Адеми да не се оневозможи да колегите односно да не им се остави простор и можност да напредуваат како судии, само поради тоа што постапувале по одредени предмети и истите биле во нивна надлежност, па во конкретниот случај иако судијата е избран во повисок суд иситот да се делегира назад во основниот суд, бидејќи најдобро го знае предметот. Смета дека истото е голема неправда. Додаде дека со колегата со кој суделе во совет двајцата не биле

избрани за судија во повисок суд при претходниот избор од истата причина, поради тежината и видот на предметите кои ги имале во работа, а не поради недостаток во делот на нивните лични и професионални вредности. Решението го гледа во погореизнесеното посебно порати тоа што смета дека Советот веќе има закаснето со таквата одлука, во смисла на тоа ако на 18.1.2024 година по давањето на свечената заклетва, дури на 22.01. се бараат податоци на различни начини и дури сега се носи одлука во тој дел, вината треба да се бара кај нив, а не на штета на колегите. Дополни дека не знае и не видела дали коодинаторот ја прибавил конкретната одлука, а од кога е донесена се алармирало и се бара, видно од датумите, но видно е и мислењето на претседателот на судот. Смета дека не е извесно за колку време ќе се завршат предметите, па наведе дали е поцелисходно како што предложил координаторот или пак ги онака како што во моментот рачно ги распределил предметите претседателот на судот. Се осврна и на недостатокот на судии во Апелациониот суд Скопје и потсети дека објавен е уште еден оглас, па делегирањето на судијата нема да го реши овој проблем односно нема да се даде допринос на тој начин. Истакна дека нема да гласа за делегирање на судијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** напомена дека не станува збор за паушални наводи во она што погоре го изложила во текот на дискусијата, туку станува збор за реални факти и состојби. На писмено, заверено во архиваИмено,  треба да се внимава при дискусиите и угледот да не се нарушува меѓусебно, ниту Советот. По однос на критиките во делот на координаторот на овој суд, смета дека не се основани бидејќи истиот на различни начини барал да најде решение, земајќи го предвид датумот кога биле насрочени предметите за да не се одложат расправите.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** во таа насока дополни дека немаат судии, ниту поротници за да има дополнителни на располагање. Смета дека не се манипулира со судиите поротници и смета дека се работи за професионалци. По однос на критиките нема што да дополни.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** во својата реплика појасни дека не станува збор за паушални наводи туку за реални факти и состојби. За истите наводи во Архивата на Советот истакна дека има доставено писмо до претседателот на Советот, со барање колку посети во последните 5 години биле извршени, во овој Основниот кривичен суд, колку заклучоци и кои вршеле посета. Причините дополни дека сите ги знаат, така што не се работи за паушални наводи.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски** во своето излагање истакна дека посочениот судија е многу квалитететн судија, па благодарение на истото е избран како апелационен судија. Се осврна на точката на дневниот ред, па се заблагодари на координаторот по однос на

изнесеното. Секој член има право и обврска, не само координаторот од кого во моментов има укажување и се посочени агументите. Предложи да секој од нив земајќи ја предвид перцепцијата, последиците, познавањето на материјата да како надлежни за следење на работата да не бидат доведени како виновни бидејќи застарел предметот, иако не значи дека со ова дејствија ќе се предвиди иднината на предметот. Но, да се даде перцепција во каква ситуација би се довеле доколку предметите би се доделиле на друг судија. Да не стане збор за однапред предвидено застарување. Секој со свои аргументи предложи да даде проценка, бидејќи целта е да се дојде до одлука. Јавноста и директно заинтересираните осудуваат кога има разрешница кога предметот застарува. Укажа дека треба да се размисли што е целисходно, но смета дека со одново почнување се гледа негативна завршница однапред. Смета дека не значи упад или влијание, напротив значи следење на работата и преземање дејствија со цел да има ефикасно судство, а нема ефикасно судство ако предметите застаруваат.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** кој во својата реплика истакна дека не треба одговорноста за одолговлекување да се препишува на Советот, особено ако не се делегира судијата.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски** појасни дека надлежноста на Советот е одговорна и неизвршување на надлежностите повлекува одговорност. Во моментов се расправа за утре да има одговор при евентуални прашања што Советот преземал, какви дејствија, какви напори вложил и дали укажал на една ваква ситуација.

За збор се јави **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** во своето излагање истакна дека се приклучува кон дискусиите на колегите Тања и Селим. Со оглед на тоа што предметот се наоѓа во првична фаза-воведни зборови, а со оглед на тоа дека еден од поротниците се повлекол, се знае дека со секоја промена на судечкиот совет одново почнува предметот, изведување на докази, сослушување на сведоци и слично. Појасни дека враќањето на судијата односно неговото евентуално делегирање ќе нема процедурален ефект и не е целисходно. Предметот е распределен на нов судија кој смета дека ќе донесе свежина и истакна дека е против предлогот.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** со оглед на претходно изнесеното појасни дека е сериозно прашање и итна седница очекува да секој го каже својот став. Дискусијата треба да се сведе не на меѓусебни критики, тврди дека ниту еден не може да се расфрла процентулано со податоци каков ќе биде исходот и поради истото не треба да се обвинуваат, туку секој да го каже својот став и да се формира свое мислење. Ако за предметот ТАЛИР е во 2020 година трае доказната постапка. Неможе да се сиругни кога и дали ќе заврши предметот со временото упатување. Наведува дека поради поротата се одлага предметот, па и се наметнува прашањето дали

со делегирањето 6 месеци -1 година на судијата можеби и ќе се направи штета.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** се надоврза и истакна дека според нејзините информации во ТИТАНИК се сослушани 200 сведоци, па праша дали сметаат дека 200 сведоци ќе може да сослуша другиот судија. Според неа тоа се фактите. Истакна дека не и е јасно зошто се споменуваат избраните судии, па некои од нив ги бранат некои не. Потенцира да се проверат фактите и да се дискутира. Додаде дека двата предмети треба да се опфатат, а судијата кој го судел досега најдобро го знае, секој друг судија кој ќе го добие ќе му треба време да го исчита да се запознае со предметот.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека имала конструктивен предлог, да со оглед на тоа што веќе предметот е распределен, да се разговара и укаже на претседателот на судот да судијата кој ги добил предметите во работа од судијата Шабани, да се остави овој колега да ги работи исклчиково овие предмети и да биде исклучен од АКМИС систем да не добива во работа нови предмети, а воедно да му се дадат резервни поротници со цел завршување на постапката, смета дека ова ќе даде резултат. Колегата може да се делегира само за година дена, а ако не се реши предметот за една година, повторно ќе се дојде до оваа седница како денеска.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** потенцира дека предлогот кој е изнесен е на некој начин директно мешање во менаџирањето и работата на претседателот на судот,кој како менаџер го организира работењето на судот.

За збор се јави **Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми** надополни и дека во целост се согласува во дел од дискусиите на колегите Антоанета, Мери, Ивица, истото од причина што се што е во насока на исполнување на целите на правдата и судството, согласно законот за судови и почетните начела мора да се превземе, бидејќи тоа значи почитување на начелото на ефикасност особено за предметите од јавен интерес. Од Извештајот на ЕУ за минатата и оваа година е нотирано дека се зголемува одлужување на судења а случаи на корупција на високо ниво што резултира со застарување на некои случаи, па смета дека треба да се има предвид овој извештај. Претседателот на ВСРСМ имал работни средби за предмети од јавен интерес со претседатели на апелациони судови, претседателот на кривичниот суд. Во 2023 година и 2022 година донесени се внатрешни процедури во одделот за казнени дела за предмети од висок јавен интерес. Ако судијата времено не се упати да ги доврши работитите што би се случило, постави како прашање со оглед на тоа дека законот дозволува 1 година истиот да биде времено упатен.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** од претседателот на ВСРСМ побара да објасни дали во оваа фаза кога предметите се делени и

евидентирани во АКМИС системот кај друг судија, рачно, Советот има право да му наложи да ги тргне од системот и да ги прераспредели на друг судија. Во АКМИС ситемот фигурираат кај друг судија без оглед дали се разчно распределени тие во системот се водат сега кај друг судија, па се поставува прашањето со кое право Советот ќе наложи на претседателот на судот да се повлече сегашниот судија и да се стави друг. Додаде да се остави простор на претседателот да работи согласно законските надлежности бидејќи не сака да има било каква одговорност.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека видно од Контрола на судови на 22.1. е направена рачна прераспределба односно 4 дена по заклетвата, кога веќе координаторот на судот почнал да прибира податоци од претседателот на судот. Смета дека воопшто не е проблем, бидејќи таа прераспределба е извршена со одлука на претседателот на кривичниот суд имајќи ја предвид интенцијата како преку АКМИс да се движат предметите, а не рачно е да не се доделуваат предмети кај судии коишто може да се доведе под сомнеж пристрасноста и независноста на судијата. Во конкретниот случај тоа не е случај, бидејќи има рачна прераспределба, а судијата за кој станува збор тие предмети ги судел. Исто како што ги прераспределил рачно така може да ги врати на судијата кој досега постапувал по истите. Потенцира дека не се меша и не навлегува, значајно е да се донесе правилна и законита одлука и да се спасат предметите кои можат да застарат.

За збор се јави **Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми** потенцира дека секој претседател на суд треба да го применува Судскиот деловник каде се наведени три модела како се распоредуваат предметите. Не може на членот Селим да одговори. Зошто и како не знае што направил тој претседател на суд. да се сконцентрираат на Дневниот ред дали има услови или не да се упати судијата. Уште еднаш потенцира да се имаат предвид извештаите кои укажуваат токму на застарувањето на предметите.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** појасни дека како член и е важно да се донесе правилна одлука, а како граѓанин да се види правдата за овие случаи. Менаџирањето не е тема на дискусија. Најсензитивни предмети се ТИТАНИК 1 и ТАЛИР 1. Имено, на 26 и 29 во јануари се закажани расправи по предметите. Смета дека единствен начин смета да се спасат предметите и да не пропаднат расправите е да по истите постапува и ги суди судијата Осман Шабани. Во тек е доказна постапка, значително голем број на сведоци се сослушани истакна па додаде дека се читани многу уплатници, вистината е дека претседателот на судот потврдил дека во тек е доказна постапка а не воведни зборови. Ова од причина што 1-2 месеци на било кој судија ќе му треба да ги исчита и да се запознае со овие предмети за да биде спремен на првата главна расправа, што значи дека 2 месеци од објективни причини ќе се одлагаат расправите без вина на судијата. Еден од тие предмети застарува

11.1.2025 година што значи дека од старт се одлучува за судбината на овие предмети. Појасни дека смета дека е во право и е нејзино лично мислење дека поголема е веројатноста дека можеби во еден од овие два предмети ќе биде донесена одлука. По однос на извештаите се нотирани овие предмети како специфични од поранешното СЈО, па нема право со нејзиниот глас да придонесе за застарување.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** дополни во реплика дека ако е сигурен дека со делегирањето на судијата Осман Шабани предметите ќе се спасат ќе гласа за негово делегирање, меѓутоа не е негов став тоа. Да не се придонесе со неговото делегирање да се изгуби една година. Кога се знае дека не може подолго од една година да се делегира судија, имајќи предвид дека предметот се решава 3 години, се прејудицира дека сега има можност да се реши за 1 година. Потенцира дека смета дека нема гаранција и сигурностт на порота. Смета дека хипотетички се зборува. Затоа и предложил на новиот судија да му се дадат резервни поротници, како што има и резервни судии.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во својата реплика наведе дека смета дека најмалку 2 месеци ќе се добијат бидејќи на судијата му е познат предметот и поголема е веројатноста да се реши истиот.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** дополни дека со мислењето на претседателката дека предметите ќе се решат со делегирање на конкретниот судијата смета дека се носи правилна одлука, а останатите кои имаат спротивно мислење наводно "опструираат", иако секој има право да формира мислење. Дополни дека истото не сака да се употребува како израз од причини што одлуката денес по секоја цена да се делегира назад судијата, за кој е извесно дека за година дена не ќе може да се донесе одлука може да го смета за опструирање, но такво нешто додаде дека јавно не истакнала. Конструтивниот предлог што го дала смета дека ќе донесе многу поголем резултат.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** се обрати до координаторот на судот дали има направено проценка конкретно за период за кое време би бил судијата делегиран.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска и** дополни дека за 1 година, штом завршат предметите кои се актуелни за јавноста да се врати.

За збор се јави **членот на Советот Павлина Црвенковска** постави прашање дали судијата ќе ги работи само овие два предмети со оглед на тоа што ќе биде делегиран на 1 година и да не работи ниту еден друг предмет за да се посвети комплетно.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** појасни дека согласно чл.39 ст.9 да биде само за овие два предмети, но сите овие дискусии пожелно е да допрат до претседателот на судот кој ќе менаџира со судот.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** наведе дека се јавува дилема дали со овој овој обем на работа и предмети што ги имал судијата може за година дена да ги заврши овие два предмети.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** одговори дека може и порано па ќе се отповика решението.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** смета дека е поцелисходно, целта на ова делегирање е всушност на овие два предмета од поранешното СЈО за кои постои јавен интерес и се влезени во извештајот за ЕУ.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** додаде дека не е греда да се посочи предмет, нема пречка во законот. Да се направи обид да завршат пред да застарат. Додаде дека АКМИСОТ е само алатка, а тие дека ги креирааат одлуките, па согласно истото во позадина ќе стои нивна одлука со интегритет и цела оваа дискусија зошто е донесена. Ако сметаат дека треба да се донесе поинаква одлука за да не се повреди АКМИСОТ во ред, иако не смета дека се прави повреда на АКМИС или закон.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека промени во АКМИС се прават врз основа на одлука, на претседател на суд, Судски совет, околу техничкиот дел не навлегува.

За збор се јави **членот на Советот Сашко Георгиев** во своето излагање истакна дека од дискусиите со свои ставови настапува секој. Се надоврза на колешката Антоанета и нејзината дискусија и појасни дека не се сложува од причина што не може да се наметне на претседателот на суд, како негово дискреционо право, кој судија кој предмет да го суди. Тоа смета дека е упад и не би се впуштил во таква дискусија ниту би гласал за.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека секој член може да се произнесе бидејќи одтаму може да произлезе конструктивен предлог. Смета дека во овој момент нема надлежност, но претседателот да ги ислуша бнивните дискусии па можеби истите ќе му помогнат во одреден дел.

Во продолжение откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор го стави на гласање предлогот на координарот на Основен кривичен суд Скопје, Мери Радевска *Осман Шабани, судија на Апелационен суд Скопје времено да биде упатен за вршење на судиската функција во Основен кривичен суд Скопје сметано до 25.01.2024 година за период од 1 година, од денот на упатувањето.*

Се констатира дека со 6 гласа ,,ЗА“ и 6 гласа ,,ПРОТИВ“ согласно чл.38 ст.8 од Законот  за Судски совет на РСМпредлогот не усвоен и не е донесена одлука со која судијата Осман Шабани времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот кривичен суд Скопје.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека и покрај обидите да не застарат предметите не успеале, но истакна дека се надева дека нема да се довзоли предметите да застарат. Не побара поединечно гласање бидејќи појасни дека не се сомнева во гласот на секој од нив.

Потенцира дека е исцрпена првата точка од Дневниот ред и се премина кон точка Разно.

**Точка 2**

**Разно**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение ја отвори 2-рата точка од дневниот ред, Разно. Отвори дискусија по однос на оваа точка.

За збор се јави **Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми** која праша до каде е изборот на судии во Врховниот суд на РСМ, со оглед на тоа што минатите седници се констатира престанок на судиска функција на судија на овој суд, па со оглед на состојбата со недостаток на судии истакна дека го постапува ова како прашање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** потенцира дека е во ред прашањето, па наведе дека се надева дека и е познато дека биле формирани Комисии за отпочнување на постапка за оценување, во една од тие комисии и таа била како член, па за да не се одолговлекува постапката, а поради зголемени нејзини активности бидејќи од 3 јануари повторно е претседател на Советот, веднаш била сменета таа одлука со којашто таа била определена за член, па на нејзино место по пат на ждрепка бил избран друг член.

**Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми** наведе дека не ја известиле како претседател на судот за формирањето на Комисиите , но можеби е грешка.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** појасни дека одлуката е од минатата недела.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** појасни дека истото било како точка на дневен ред формирање на Комисии и истото поминало на последната седница, што значи дека  одлуката ја примила меѓутоа веројатно пропуштила да види, иако има право да знае и да биде информирана кој е на тоа место. Се надева дека Комисиите ажурно ќе работат и постапуваат со цел побрзо да бидат избрани судии како во Врховниот суд на РСМ, така и во другите судови.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред и со оглед на тоа што никој повеќе не се јави за дискусија констатира дека седницата заврши во 14.20 часот.

Се напоменува дека тонскиот запис и листинзите од гласањето се составен дел на овој записник.

Датум на изготвување за записник - 06.02.2024 година.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Весна Дамева**

Изработил: м-р Сања Спиридонова

Odобрил: Весна Толева